# Извештај од реализирана мобилност со ученици во рамки на Еразмус+ проектот APPic Learning во Германија од 07.05.2022 до 11.05.2022

Во периодот од 07.05.2022 до 11.05.2022 беше реализирана мобилност со ученици во Локштедт, Германија. На мобилноста учествуваа 9 ученици и двајца наставници од ООУ „Крсте Мисирков“, Македонија. Голем број од планираните активности мораше да се адаптираат заради тековната ситуација со пандемијата. Имено, во училиштето во Локштедт не беше дозволено да влегуваат ученици кои не следат настава, па заради тоа сите активности во проектот се адаптираа за да се реализираат надвор од училиштето а воедно и да може да се постигнат целите на проектот.

На почетокот на мобилноста беше реализирана посета на Бремен, каде работејќи во интернационални групи учениците го истражуваа Бремен, неговата историја, традиција и обичаи користејќи ја апликацијата ActionBound. Учениците истражуваа, одговараа на прашања, се натпреваруваа помеѓу себе, но најважно од се е тоа што на интересен и забавен начин стекнуваа знаења. Учениците го посетија и забавниот парк Хеиде-парк, како и приморското гратче Куксхавен, каде имаа можност да учат за плима и осека, како и да пешачат по калливото дно со организиран водич.






Играјќи игра во стилот на детективска трага, учениците користејќи мапа и дешифрирајќи кодови откриваа одредени места во градот Бремерхавен, така што повторно на еден забавен начин, решавајќи одредени загатки стекнуваа нови знаења за местото во кое престојуваа истовремено запознавајќи се со неговата историја и култура, како и начин на живеење.







При посетата на Climate House (Куќа на климата) учениците видоа голем број на забавни атракции по должината на еден меридијан, запознавајќи се со различни места на различни континенти и со различна флора и фауна, преку автентични доживувања. Имено, учениците се движеа во различни простории, секоја реалистично прикажувајќи одредено место од еден ист меридијан, така што имаа можност да влегуваат во простории со различни температури, опкружувања и да учат со чувство дека се наоѓаат на одредено место. Во секоја од просториите учениците видоа голем број на атракции и истите оставија голем впечаток кај учениците.












Во Младинскиот центар во Локштедт се одржа работилница базирана на апликации каде што се разгледуваа апликации поврзани со географија, историја, политика и економија. Учениците работеа прво во интернационални групи а потоа сите во рамките на својата држава креираа мапи на најпознатите места во нивниот град/ држава. На учесниците во мобилноста им се обрати и градоначалникот на Локштедт, Детлеф Велброк кој им се заблагподари на сите присутни за учеството во вакви проекти кои ја промовираат нивната општина и држава на интернационално ниво. Се надоврза и на ситуацијата со пандемијата и беше благодарен што и покрај сите предизвици успеавме да дојдеме и да го споделиме нашето знаење.










Посетата во спортскиот центар Нис, освен за комуникација помеѓу учениците и различни спортски активности беше искористена и за учество во квиз "Europe" каде ги вреднуваа своите знаења за потеклото, историјата и вредностите на Европската Унија. Потоа учениците заеднички ја подготвија храната и на крајот на денот беа поделени сертификати за учество.













Посетата во Германија беше исклучителна животна авантура, во која и наставниците и учениците имаа голем број на интересни автентични искуства и се запознаа со исклучителни луѓе со кои воспоставија долготрајни пријателства.



